TESLA

SMARTHONE 6.1

# КРАТКО УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ

# Функции на копчето




| **Копчиња** | **Функции** |
|---|---|
| Power копче | • За да го вклучите или исклучите телефонот или да преми-нете во airplane режим на работа притиснете и задржете го „Power" копчето и одберете ја соодветната опција<br>• За да го префрлите телефонот во Sleep режим, или за да го „разбудите" телефонот притиснете го „Power" копчето |
| Home копче | • За да се вратите на основната страна од која било апликација, притиснете го „Home" копчето<br>• За да ја видите листата на сите отворени апликации, притиснете и задржете го „Home" копчето |
| Menu копче | Притиснете го „Menu" копчето за да ви се прикажат опциите на активната страна |
| Back копче | Притиснете го „Back" копчето за да се вратите на претходната страна |
| Volume копче | Притиснете и задржете го „Volume" копчето за да го зголемите/намалите звукот |

# Отворете го капачето на задниот дел



**Отворете го капачето на задниот дел во правец на стрелките прикажани на сликата.**
(Внимание: внимателно извршете го ова за да не се повредите!)

# Инсталирање на СИМ/SD картичка и батерија

Исклучете го вашиот телефон пред инсталирање или замена на батеријата, SIMот или мемориската картичка.

1. Симнете го капачето од задниот дел на телефонот.
2. Вметнете ја СИМ картичката со засечениот дел во насока како што е прикажано и внимателно инсертирајте ја во држачот за картичка.
3. Вметнете ја мемориската картичка во соодветниот процеп, така да конекторите на картичката се поклопат со конекторите на телефонот.
4. Вметнете ја батеријата водејќи сметка да контактите на батеријата и телефонот се поклопат едни врз други. За време на ставање на батеријата вметнете ја внимателно додека не кликне на свое место.
5. Вратете го капачето назад додека не чуете клик.

Вметнување на SIM и SD картичка:



Вметнување на батерија:

